SONY
12

4-489-506-11(2)

# Дигитална ХД видео камера

## Упатство за употреба

Започнување
Снимање/Репродукција
Зачувување слики
Прилагодување на камерата
Друго

Видете и на веб страната:
**http://www.sony.net/SonyInfo/Support/**

HANDYCAM

HDR-PJ810/PJ810E/PJ820/PJ820E

## Прво прочитајте го ова

Пред да почнете да работите со камерата прво внимателно прочитајте го упатството.

Забелешки за сопственикот

Моделот и сериски број се запишани на долниот дел. Во обезбеденото место запишете го сериски број. Секогаш кога во врска со оваа камера ќе се обраќате кај продавачот на Sony видете ги овие броеви.

Модел. HDR-
Сериски бр. _____
Модел. AC-
Сериски бр. _____

### ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

**Да спречите ризик од пожар или електричен шок,**
**1) уредот не го изложувајте на дожд или влага.**
**2) на апаратот не ставајте предмети полни со течност, како на пр. вазни.**

**Батеријата не ја изложувајте на прекумерна топлина како што е сонце, оган или нешто слично.**

# ВАЖНИ БЕЗБЕДНОСНИ УПАТСТВА

## ЗАЧУВАЈТЕ ГИ ОВИЕ ИНСТРУКЦИИ. ОПАСНО ДА СЕ НАМАЛИ РИЗИК ОД ПОЖАР ИЛИ ЕЛЕКТРИЧЕН ШОК, ВНИМАТЕЛНО СЛЕДЕТЕ ГИ ОВИЕ УПАТСТВА.

- Прво прочитајте го упатството.
- Зачувајте ги овие инструкции.
- Внимавајте на сите предупредувања.
- Следете ги сите инструкции.
- Камерата не ја користите во близина на вода.
- Чистете ја само со сува ткаенина.
- Не ги блокирајте отворите за вентилација. Инсталирајте во согласност со инструкциите на производителот.
- Не го поставувајте во близина на топлотни извори како на пр. радијатори, топлотни регистри, печки или други апарати (вклучувајќи и засилувач) кои произведуваат топлина.
- Не ја ослабувајте безбедносната заштита на поларизираниот или земјен тип на приклучок. Поларизираниот приклучок има две острици една поширока од другата.

Земјениот тип на приклучок има две острици и трета за во земја. Широката острица или третиот шилец се за Ваша безбедност. Ако испорачаниот приклучок не одговара со Вашиот штекер, консултирајте се со електричар за негова замена.

- Заштитете го кабелот за напојување од газење или притискање особено приклучоците, дополнителните приклучоци и местото од каде што излага од апаратот.
- Додатоци/приклучоци користете само тие што се назначени од производителот.
- Користете само со постоље, држач, статив или маса назначена од производителот или се продава заедно со апаратот. Кога се користи постоље, внимавајте кога го поместувате постољето/апаратот да не се повредите.

- За време на молњи или кога не го користите подолго време исклучете го апаратот.
- За сервис обратете се кај квалификуван сервисер. Потребен е сервис кога апаратот е оштете на било каков начин, пр. кабелот или приклучокот за напојување е оштетен, во апаратот влегла течност или тврд предмет, апаратот е изложен на дожд или влага, не работи вообичаено или Ви испаднал.
- Ако формата на приклучокот не одговара со штекерот, користете адаптер за прикачување на приклучок.

## ВНИМАНИЕ

### Батерија

Ако со батеријата неправилно се ракува, таа може да експлодира, да предизвика оган или изгореници. Внимавајте на следново:

- Не ја расклопувајте батеријата.
- Не ја изложувајте батеријата на вибрации, удари, газење и сл.
- Не предизвикувајте куса врска и не дозволувајте метални предмети да дојдат во контакт со контактите на батеријата.
- Не ја изложувајте батеријата над температура од 60°C, (140°F) како што е директна сончева светлина или во автомобил паркиран на сонце.
- Не ја изложувајте на оган.
- Не користете оштетени батерии.
- Полнете ја батеријата само со Sony полнач или уред наменет за батеријата.
- Држете ја батеријата подалеку од деца.
- Чувајте ја батеријата сува.
- Заменете ја само со ист или еквивалентен тип препорачан од Sony.
- Исфрлете ја батеријата во согласност со локалните правила за таков отпад.

Заменувајте ја батеријата само со одредениот тип. Во поинаков случај може да дојде до пожар или повреди.

### AC Адаптер

Не го ставајте адаптерот на затворени места како што се полици и шкафови.

Користете лесно достапен утикач. Исклучете го AC адаптерот од утикачот веднаш доколку забележите неправилност кога ја користите камерата.
Иако камерата е исклучена, AC адаптерот се уште е под напон додека е приклучен на струја.

### ⚠ ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Не ја фаќајте батеријата, од хемикалијата може да се изгорите.
Испорачаниот далечински управувач содржи мала батерија. Ако батеријата се голтне, за 2 саата може да предизвика изгореници што може да доведе до смрт.
Новите и користените батерии чувајте ги подалеку од дофат на деца. Ако делот за батерии не се затвора целосно, престанете со нејзина употреба и тргнете ја подалеку од дофат на деца.
Ако се сомневате дека батеријата е голтната или пак се наоѓа во некој друг дел од телото, веднаш обратете се кај доктор.

Многу јак притисок на звук од слушалките може да предизвика оштетување на слухот.

## За потрошувачите во САД

### РЕЦИКЛИРАЊЕ ЛИТИУМ-ЈОНСКИ БАТЕРИИ

Литиум-јонските батерии серециклираат.
Можете да ја заштитите Вашата околина одложување на батеријата за рециклирање во најблиското собиралиште.

За повеќе информации за рециклирање на батериите, јавете се на
1-800-822-8837, или посетете http:// www.call2recycle.org/

**Внимание:** Не употребувајте оштетени или батерии кои течат.

### Батерија/AC адаптер

Овој уред е во согласност со Дел 15 од FCC правилата. Работата е предмет на следните два услова:
(1) Овој уред не предизвикува штетни пречки и (2) овој уред мора да прифати било какви пречки, вклучувајќи и пречки кои може да предизвикаат несакана операција.

CAN ICES-3 B/NMB-3 B

Оваа опрема е во согласност со FCC/IC ограничувања на зрачењето поставени за неконтролираното подрачје и е во согласност со FCC радио фреквенција (RF) Основни упатства за зрачење во Дел C од OET65 и RSS-102 од Инфрацрвена радио фреквенција (RF) Правила на зрачење. Оваа опрема има многу ниско ниво на RF енергија за која се смета дека е во согласност без тестирање на специфичен опсег на апсорпција (SAR).

Ако имате било какви прашања за овој производ, можете да се јавите на:
Sony Customer Information Center
1-800-222-SONY (7669).
Горенаведениот број е исклучиво за прашања поврзани со FCC.

## Регулаторни информации

**Изјава за усогласеност**

Име на фирмата: SONY
Модел бр: HDR-PJ810
Одговорен дел: Sony Electronics Inc.
Адреса: 16530 Via Esprillo, San Diego, CA 92127 САД
Бр. на тел.: 858-942-2230

Овој дел е согласен со Делот 15 од правилата на FCC. Употребата е предмет на следниве две состојби: (1) Овој апарат може да не предизвика штетни пречки, и (2) овој апарат мора да ги прифати било кои пречки, вклучувајќи ги и пречките кои предизвикуваат несакани операции.

Оваа опрема не смее да се поместува или да работи заедно со било која друга антена или предавател.

### ВНИМАНИЕ

Ве предупредуваме дека било каква промена или модификација која не е посебно одобрена во ова упатство, може да Ви го одземе правото да управувате со оваа опрема.

### Забелешка:

Оваа опрема е тестирана и ги исполнува ограничувањата за класа B (бе) за дигитални уреди, во согласност со член 15 од FCC правилата. Овие ограничувања се дизајнирани да обезбедат разумна заштита против штетни пречки во станбената инсталација. Оваа опрема генерира, користи и може да емитува радиофреквенција и доколку не се користи според упатството може да предизвика штетни пречки во радиокомуникациите. Меѓутоа, не гарантираме дека нема да дојде до пречки во одредени инсталации. Ако оваа опрема предизвика штетни пречки на радио или ТВ приемот, што можат да се забележат со вклучување и исклучување на уредот, корисникот може да ги корегира пречките се некои од следниве мерки:

- Пренасочување или преместување на антената.
- Зголемете го растојанието меѓу опремата и приемникот.
- Опремата поврзете ја во утикач во кој не е поврзан приемникот.
- За помош онсултирајте се со продавачот или искусен радио/ТВ техничар.

Испорачаниот кабел за интерфејсот, мора да се користи со опремата за да биде во согласност со ограничувањата за дигитални апарати според алинеа B во членот 15 од FCC правилата.

### Само за државата Калифорнија, САД

Материјал перхлорал – може да се примени специјално ракување, Видете www.dtsc.ca.gov/hazardouswaste/perchlorate

## За потрошувачите во Европа

CE

Со ова, Sony Corporation, изјавува дека оваа опрема е во согласност со суштинските барања и други важни одредби од Директивата 1999/5/ЕС.

За детали, посетете ја следната URL:
http://www.compliance.sony.de/

### Забелешка за потрошувачите во земји кои ги применуваат ЕУ директивите

Производител: Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Tokyo, 108-0075 Јапонија
За ЕУ усогласеност на производот: Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Штутгарт, Германија

Овој производ ее тестиран и е во согласност за ограничувањата добиени како наредба од EMC за употреба на приклучување на пократки кабли од 3 метри (9.8 мм).

Електромагнетните полиња на специфична фреквенција можат да влијаат врз сликата и звукот на апаратот.

### Забелешка

Ако статички електрицитет или електромагнет предизвика префрлање на податоците до пола (неуспешно), повторно вклучете ја апликацијата или откачете и приклучете го повторно кабелот за поврзување (USB, итн.).

### Исфрлање на истрошените батерии (применливо во Европската унија и други земји со посебни собирни центри)

Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад. Кај некои батерии овој симбол може да е во комбинација со хемиски симбол. Додаден е хемиски симбол за жива (Hg) или олово (Pb) ако батеријата содржи повеќе од 0.0005% жива и 0.004% олово. Со правилно исфрлање на овој производ и батериите, вие помагате во спречување на потенцијални негативни последици за околината и човековото здравје. Со рециклирање на овие материјали помагате во зачувување на природните ресурси.
Во случај производот да треба постојано да биде поврзан со вградената батерија заради безбедност, работење или интегрирање на податоците, оваа батерија треба да се замени само од квалификуван сервисер. За правилно третирање на батријата и електричната и електронска опрема, кога ќе се истрошат однесете ги во собирни центри за рециклирање на електрична и електронска опрема. За сите други батерии, видете во делот каде што е опишано како да ја извадите батеријата. Батеријата однесете ја во собирен центар за рециклирање на потрошени батерии. За подетални информации за рециклирање на овој производ или батеријата, контактирајте ја локалната канцеларија, комунална хигиена или продавницата каде што сте го купиле овој производ или батеријата.

## За потрошувачите во Сингапур

Complies with
IDA Standards
DB00353

# Научете повеќе за камерата (Help Guide)

Help Guide е интернет упатство. Видете го за подетални инструкции за функции на камерата.

1 Пристапете кон Sony страната за подршка.
http://www.sony.net/SonyInfo/Support/

2 Изберете земја или регион.

3 Пребарајте име на модел на камерата на страната за подршка.
- На долниот дел од камерата проверете го името на моделот на камерата.

# Содржина


Прво прочитајте го ова ..... 2
Научете повеќе за камерата (Help Guide) .....7

**Започнување .....8**

Испорачани делови ..... 8
Полнење на батеријата ..... 9
Вклучување на напојувањето ... 11
Ставање мемориска картичка .. 12

**Снимање/Репродукција .13**

Снимање ..... 13
Репродукција ..... 15
Гледање слики зголемени ..... 17

**Меморирање слики.. 18**

Користење на PlayMemories Home™ ..... 18
Поврзување на надворешен медиа уред ..... 19
Користење на Wi-Fi функција 20

**Прилагодување на камерата .....24**

Користење на менито ..... 24

**Друго ..... 27**

Мерки на претпазливост .....27
Спецификации ..... 29
Делови и контроли ..... 33

# Испорачани делови

Бројот во ( ) го покажува бројот на парчиња.

- Камера (1)
- AC адаптер (1)



Формата на AC адаптерот се разликува во зависност од земјата/регионот.

- USB кабел за поврзување (1)



USB кабелот за поврзување е дизајниран за употреба само со оваа камера. Користете го овој кабелкога вграденият USB кабел на камерата е прекратоk за поврзување.



- HDMI кабел (1)



- Step Down прстен (1)



Да го прикачите Step Down прстенот со камерата израмнете го правилно со камерата (1), потоа завртете го во правец на стрелките се додека Step Down прстенот не се заклучи (2). Да го извадите Step Down прстенот, свртете го во спротивен правец од стрелките на часовникот.




- Безжичен далечински управувач (1)

- Батерија на полнење NP- FV50 (1)



- “Упатство за употреба” (Ова упатство) (1)

# Полнење на батеријата

1 Исклучете ја камерата со затварање на LCD мониторот, повлечете го визирот и прикачете ја батеријата.




2 Pull out the Built-in USB Cable.



3 Поврзете ги AC адаптерот и камерата преку USB кабел за поврзување и AC адаптерот поврзете го во штекер.




- POWER/CHG (полнење) индикаторот светнува портокалово.
- POWER/CHG (полнење) индикаторот се исклучува кога батеријата целосно е наполнета. ОТкачете го USB кабелот за поврзување од камерата.
- Формата на AC адаптерот се разликува во зависност од земјата/регионот.

• Исклучете ја камерата пред да ја вадите батеријата.

## Полнење на батеријата преку компјутер

Исклучете ја камерата и поврзете ја со вклучен компјутер преку вградениот USB кабел.

## За користење на камерата кога е поврзана во штекер

Поврзете ја камерата во штекер на ист начин како и “Полнење на батеријата.”

• Прикачете ја батеријата во камерата.

• Батеријата може да се троши дури и ако е поврзана во штекер.

# Вклучување на напојувањето

1 Отворете го LCD мониторот на камерата и вклучете го напојувањето.



• Камерата може да ја вклучите и со повлекување на визирот.

2 Следете ги инструкциите на LCD мониторот, изберете јазик, локација, Заштеда на енергија или Летно сметање на времето, формат на дата и време.




• Да одите на следна страна, допрете [Next].
• Да го исклучите напојувањето, затворете го LCD мониторот.

• За повторно дотерување на дата и време, изберете MENU → [Setup] → [ Clock Settings] → [Date & Time Setting].
• За исклучување на работниот звук, изберете MENU → [Setup] → [ General Settings] → [Beep] → [Off].

# Вметнување мемориска картичка

1 Отворете го капакот и ставете ја мемориската картичка се додека не кликне.




Ставете ја картичката со засеченият дел во правец како што е прикажано.

• Се прикажува [Preparing image database file. Please wait.] екран ако ставите нова мемориска картичка. Почекајте додека не исчезне екранот.

• Да изберете мемориска картичка како медиум за снимање, изберете MENU → [Setup] → [ Media Settings] → [Media Select] → [Memory Card].
• Да ја извадите мемориската картичка, отворете го капакот и лесно притиснете ја еднаш мемориската картичка.

## Типови на мемориски картички кои може да ги користите со оваа камера

| | SD брза класа | Капацитет (работата е загарантирана) |
|---|---|---|
| SD мемориска картичка/ SDHC мемориска картичка/ SDXC мемориска картичка | Класа 4 или побрз | Најмногу до 64 GB |
| Memory Stick PRO Duo™ (Mark2) медиум/Memory Stick PRO-HG Duo™ медиум | – | Најмногу до 32 GB |
| Memory Stick XC-HG Duo™ медиум | | Најмногу до 64 GB |

# Снимање

## Снимање филмови

1 Отворете го LCD мониторот и допрете START/STOP да почнете со снимање.




- Да го прекинете снимање, повторно допрете на START/STOP.
- Можете да снимате фотографии додека снимање филм ако допрете на PHOTO (Dual Capture).

- Во фабричкото дотерување, филмовите се снимаат со HD формат и MP4 формат наизменично (Dual Video REC). Со MP4 формат лесно се репродуцираат филмови на паметен телефон, за прикачување на мрежа или за прикачување на интернет.
- Ставките од LCD мониторот исчезнуваат ако со камерата не ракувате неколку секунди. За повторен приказ, допрете било каде осве на копчињата на LCD мониторот.
- Во режимот за снимање на LCD мониторeот можете да го проверите времето на снимање.
- За промена на квалитет на слика на снимениот филм, изберете MENU → [Image Quality/Size] → [ REC Mode].

1 Отворете го LCD мониторот и изберете [MODE] → (Photo).




• Исто така може да менува меѓу (Movie) и (Photo) со допирање на /(Shooting Mode) копчето.

2 Допрете до пола на PHOTO за прилагодување на фокусот и потоа допрете го до крај.




• Кога фокусот е правилно прилагоден, AE/AF индикаторот за прикажува на LCD мониторот.

# Репродукција

1 Отворете го LCD мониторот и допрете на ▶ (View Images) копчето на камерата да влезете во режим за репродукција.



2 Изберете ‹ / › да го поместите саканиот настан во центар и изберете дел кој кружи (1) во фигурата.



## 3 Изберете слика.




---

### Операции за репродукција

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Јачина на тон | / | Претходен/Следен |
| | Бришење | / | Брзо назад/Брзо напред |
| | Содржина | / | Репродукција/Пауза |
| | Стоп | | Репродукција/Стоп слајд шоу |
| | Motion Shot Video | | Интервал на движење ADJ |

### Да изберете формат на филм за репродукција, уредување или копирате на други уреди

Во чекор 2, изберете на горен десен агол на LCD мониторот → HD Quality] или MP4].

# Преглед на зголемени слики

## Поврзување на камерата со ТВ

1 Поврзете го HDMI OUT приклучокот на камерата во HDMI IN приклучокот на ТВ преку испорачаниот HDMI кабел.




Тек на сигналот

- Ако Вашиот ТВ нема HDMI приклучок, поврзете го Мулти/Микро USB терминалот на кемрата во видео/аудио приклучокот на ТВ преку AV кабел (одделно се продава).

## Користење на вграден проектор

1 Допрете на копчето PROJECTOR (стр. 33).

2 Изберете [Image Shot on This Device].

3 Следете го водичот за работа на LCD мониторот и допрете [Project].




*1 Прилагодете го фокусот на проектираната слика.
*2 Користете ја рачката за зумирање за движење на избраната рамка која се прикажува на проектираната слика и допрете на PHOTO.

# Користење на PlayMemories Home™

## Што може да правите со PlayMemories Home

PlayMemories Home овозможува префрлање филмови и фотографии на компјутер да може да ги користете на разни начини.

Префрлање слики од компјутер.

Репродукција на префрлени слики

За Windows, следниве функции исто така се достапни.



Гледање слики во Календар

Креирање диск со филм

Прикачување слики на мрежни сервиси

Споделување слики на PlayMemories Online™

### За преземање на PlayMemories Home

PlayMemories Home можете да го преземете од следниот URL.
www.sony.net/pm/

### За проверка на системот на компјутерот

Можете да го проверите потребното опкружување на компјутерот за софтверот на следната URL.
www.sony.net/pcenv/

# Поврзување на надворешен медиа уред

## Надворешен медиа уред

Поврзете надворешен медиа уред во Мулти/Микро USB терминалот на камерата преку VMC-UAM2 USB кабел за адаптер (одделно се продава).




• Филмовите се копираат со висока дефиниција на квалитет на слика (HD).

## Рекордер без USB приклучок

Поврзете рекордер во Мулти/Микро USB терминал на камерата преку AV кабел (одделно се продава).




• Филмовите се копираат со стандардна дефиниција на квалитет на слика.

Тек на сигналот

# Користење на Wi-Fi функцијата

## Инсталирање на PlayMemories Mobile™ на паметен телефон

За најнови и подетални информации за функции на PlayMemories Mobile, посетете ја следната URL.

PlayMemories Mobile

http://www.sony.net/pmm/

### Android OS

Инсталирајте PlayMemories Mobile од Google play.

ANDROID APP ON Google play

- За користење на One-Touch функцијата потребен е Android 4.0 или понов (NFC).

### iOS

Инсталирајте PlayMemories Mobile од App Store.

Available on the iPhone App Store

- One-touch функцијата (NFC) не е достапна со iOS.

**Забелешки**

- Ако PlayMemories Mobile веќе е инсталирана на паметниот телефон, ажурирајте го софтверот со најнова верзија.
- Wi-Fi функцијата што е опишана тука не се гарантира дека ќе работи на сите паметни телефони или таблети.
- Wi-Fi функцијата на камерата не може да се користи ако е поврзан на јавен безжичен LAN.
- Да ја користите One-touch функцијата (NFC) на камерата, потребен е паметен телефон или таблет кој ја поддржува NFC функцијата.
- Методите за работа и екранот за приказ за апликации се предмет на измена без најава за новите ажурирања.

## Префрлање MP4 филмови и фотографии на паметен телефон

### One-touch поврзување со Android кој поддржува NFC

1 На паметниот телефон изберете [Settings], потоа изберете [More...] да проверите дали [NFC] е овозможено.

2 На камерата, репродуцирајте слика за да ја пратите на паметниот телефон.
- Можете да префрлате само MP4 филмови и фотографии.

3 Допрете на камерата на паметниот телефон.



**Забелешки**

- Прво откажете го режимот за мирување или отклучете го екранот на паметниот телефон.
- Проверете дали N е прикажано на LCD мониторот на камерата и паметниот телефон.
- Продолжете со допирање на камерата на паметниот телефон без да ја движите се додека не почне PlayMemories Mobile (1 до 2 секунди).
- Ако камерата не може да се поврзе со паметниот телеон преку NFC, видете "Поврзување без користење на NFC" (стр. 21).

### Поврзување без користење на NFC

1 Допрете ▶ (View Images) копчето и изберете MENU → [Edit/Copy] → [Send to Smartphone] → [Select on This Device] → тип на слика.

2 Изберете слика што сакате да ја префрлите и додадете ✓ и изберете OK → OK.
- Се прикажува SSID и лозинката и камерата е подготвена да се поврзе со паметен телефон.

3 Поврзете ја камерата во паметен телефон и префрлете слики.

**Android**

① Стартувајте PlayMemories Mobile и изберете SSID на камерата.

② Внесете ја лозинката прикажана на камерата (само првиот пат).




**iPhone/iPad**

①Допрете [Settings] → [Wi-Fi] → SSID прикажан на камерата.

② Внесете ја лозинката прикажана на камерата (само првиот пат).

③ Потврдете дека SSID што е прикажан на камерата е избран.

④ Вратете се во Home и стартувајте PlayMemories Mobile.




## Користење на паметниот телефон како безжичен далечински управувач

Можете да снимате со камерата користејќи го паметниот телефон како безжичен далечински управувач.

1 На камерата изберете MENU → [Camera/Mic] → [ Shooting Assist] → [Ctrl with Smartphone].

2 На паметниот телефон направете го истото како во чекор 3 во “Поврзување без користење NFC” (стр. 21).
Кога користите NFC, на камерата се прикажува екран за снимање и допрете на камерата за да допрете на паметниот телефон.

3 Ракувајте со камерата на паметниот телефон.

**Забелешки**

- Во зависност од пречките во електричната мрежа или способноста на паметниот телефон, прегледување на слики во живо може да не се прикажуваат мазно.

## Меморирање филмови и фотографии на компјутер преку Wi-Fi

Прво поврзете го компјутерот со безжичен акцес поинт или безжичен широкопојасен рутер.

1 Инсталирајте соодветен софтвер на компјутерот (само првиот пат).

Windows: PlayMemories Home
www.sony.net/pm/

Mac: Wireless Auto Import
http://www.sony.co.jp/imsoft/Mac/

- Ако софтверот веќе е инсталиран на компјутер, ажурирајте го софтверот со најновата верзија.

2 Поврзете ја камерата со акцес поинт на следниот начин (само првиот пат).

Ако не можете да го регистрирате, видете во упатството од акцес поинтот или контактирајте го лицето што го поставил акцес поинтот.

**Ако безжичниот акцес поинт има WPS копче**

① На камерата изберете MENU → [Setup] → [ Connection] → [WPS Push].

② Допрете го WPS копчето на акцес поинтот што сакате да го регистрирате.



**Ако ги знаете SSID и лозинката на безжичниот акцес поинт**

① На камерата изберете MENU → [Setup] → [ Connection] → [Access point settings].

② Изберете акцес поинт кој сакате да го регистрирате, внесете лозинка и изберете OK.




3 Ако компјутерот не почнува, вклучете го компјутерот.

4 Почнете со праќање на слики од камерата на компјутерот.

① Допрете го ► (View Images) копчето на камерата.

② Допрете MENU → [Edit/Copy] → [Send to Computer].

- Сликите автоматски се префрлаат и зачувуваат на компјутер.
- Се префрлаат само најновите снимени слики. Префрлањето на филмови и повеќе слики може да потрае некое време.

# Користење на менито

## 1 Изберете MENU.

## 2 Изберете категорија.




## 3 Изберете ставка од менито.




Листајте низ менито горе или долу.

• Изберете × да завршите со дотерување на менито или да се вратите на претходниот мени екран.

## Мени листа

- Снимање филм
  - Филм
  - Фотографија
  - Smth Slw REC
  - Golf Shot
- Камера/Микрофон
  - Рачно дотерување
    - Баланс на бела боја
    - Spot Meter/Fcs
    - Spot Meter
    - Spot Focus
    - Експозиција
    - Фокус
    - IRIS
    - Брзина на снимање
    - AGC Limit
    - AE Shift
    - Менување баланс на бела боја
    - Low Lux
  - Дотерување на камерата
    - Избор на сцена
    - Ефект на слика
    - Кино
    - Затемнување
    - Тајмер
    - SteadyShot
    - SteadyShot
    - Дигитален зум
    - Објектив со конверзија
    - Позадинско светло
    - Дотерување бројач

- Лице
  - Откривање лице
  - Снимање насмевка
  - Осетливост на насмевка
- Блиц[*1]
  - Блиц
  - Ниво на блиц
  - Редукција на црвени очи
- Микрофон
  - Premium CloserVoice
  - Откажување на My Voice
  - Вграден зум микрофон
  - Auto Wind NR
  - Аудио режим
  - Ниво на аудио снимање
- Помош за снимање
  - Ctrl со паметен телефон
  - Мое копче
  - Зголемувач на фокус
  - Оквир
  - Дотерување на приказ
  - Зебра
  - Издолжување
  - Audio Level Display
- Квалитет на слика/Големина
  - Режим за снимање
  - Обем на оквир
  - Dual Video REC
  - Големина на слика
- Функција за репродукција
  - Преглед на настан
  - Сценарио
- Уредување/Копирање
  - Пратете на паметен телефон
  - Гледање на ТВ
  - Пратете на компјутер
  - Бришење
  - Заштита
  - Копирање
  - Директно копирање[*2]
- Дотерување
  - Дотерување на медиум
    - Избор на медиум
    - Инфо за медиумот
    - Формат
    - Repair Img. DB F.
    - Број на фајл
  - Дотерување на репродукција
    - Податоци
    - Јачина на тон
    - Motion Interval ADJ
    - Преземање музика[*3]
    - Бришење музика[*3]
  - Поврзување
    - WPS Push
    - Дотерување на акцес поинт
    - Уредување име на уредот
    - Приказ на MAC адреса
    - SSID/PW ресет
    - Ресет на инфо за мрежата
    - ТВ тип
    - HDMI резолуција
    - CTRL FOR HDMI
    - USB поврзување
    - Дотерување на USB поврзување
    - USB напојување

USB LUN дотерување

Општи дотерувања

Бип

Светлина на монитор

Auto Keystone ADJ

Режим за авион

REC индикатор

ДалечинскД Ctrl

Дотерување јазик

24p режим[*4]

Калибрација

Инфо за батерија

Заштеда на напојување

Иницијализација

Демо режим

Дотерување на часовник

Дотерување дата и време

Дотерување подрачје

[*1] Оваа ставка може да ја дотерате кога коритите блиц (одделно се продава).

[*2] Оваа ставка може да ја дотерате кога користите надворешен медиа уред (одделно се продава).

[*3] HDR-PJ810/PJ820

[*4] HDR-PJ810E/PJ820E

# Мерки на претпазливост

**AC адаптер**

Не правете краток спој на терминалот за батерија со било какви метални предмети. Ова може да предизвика дефект.

**Репродукција на слики со други уреди**

Може да се случи да слики кои се снимени со камерата да не може да нормално да ги репродуцирате на други уреди. Исто така, и слики кои се снимени со друга камера нема да може да се репродуцираат на Вашата камера.

**Снимање и репродукција**

- Избегнувајте грубо ракување, демонтирање, модифицирање, физички шок или удар како на пр. со чекан, да ви падне или да ја нагазите камерата. Бидете особено внимателни со објективите.
- Да обезбедите стабилна работа на мемориската картичка се препорачува да ја форматирате со камерате. Со форматирање на мемориската картичка се бришат сите податоци од неа. Важни податоци префрлете на компјутер.
- Проверете го правецот на мемориската картичка. Ако мемориската картичка ја ставате со сила во погрешен правец, слотот за мемориската картичка или сликите може да се оштетат.
- Пред да почнете со снимање, тестирајте ја функцијата за снимање да ја проверите.
- Телевизиски програми, филмови, видео ленти и други материјали може да се заштитени со авторски права. Не е дозволено неовластено користење на ваков материјал.
- Не се обезбедува компензација за снимената соржина, дури и ако снимањето или репродукцијата не се достапни поради дефект на камерата, медиумот за снимање и т.н.
- Камерата не е отпорна на прашина, прскање или вода.
- Не дозволувајте камерата да се наводени, пр. од дожд или морска вода. Ако камерата се наводени, може да предизвика дефект. Понекогаш тој дефект не може да се поправи.
- Камерата не ја насочувајте кон сонце или силно светло. На тој начин може да предизвикате дефект на камерата.
- Камерата не ја користите во близина на силни радио бранови или радијација. Камерата нема да може да снима или репродуцира правилно.
- Камерата не ја користите на плажа или каде што има прашина. На тој начин може да предизвикате дефект на камерата.
- Ако се појави влага од кондензација, престанете со користење на камерата додека не испари влагата.
- Камерата не ја изложувајте на механички шок или вибрации. Ако го направите тоа, камерата може да не работи правилно или нема да може да снима слики. Исто така, медиумот за снимање или снимените податоци може да се оштетат.

**LCD монитор**

LCD мониторот е произведен со екстремно висока прецизна технологија, преку 99.99% пиксели се користат за ефективна употреба. Но, може да има некои тенки црни точки и/или светли точки (бели, црвени, сини или зелени во боја) кои непрекинато се појавуваат на LCD мониторот. Овие точки се нормален резултат од производствениот процес и на никаков начин не влијаат врз снимањето.

**Температура на камерата**

Ако камерата непрекинато ја користите подолго време, таа се затоплува. Ова не е дефект.

**Заштита од претоплување**

Во зависност од температурата на камерата и батеријата, може да се случи да не може да снимате филмови или напојувањето може автоматски да се исклучи за заштита на камерата. На LCD мониторот ќе се прикаже порака пред напојувањето да се исклучи или нема да може повеќе да снимате. Во овој случај оставете ја исклучена и оставете ја да се намали температурата на камерата и батеријата. Ако го вклучите напојувањето без да се олади камерата и батеријата, напојувањето може повторно да се исклучи или пак нема да може да снимате.

**Привремено декативирање на безжичен LAN (Wi-Fi, NFC, etc.)**

Кога сте во авион, можете привремено да ја деактивирате Wi-Fi функцијата. Изберете MENU → [Setup] → [ General Settings] → [Airplane Mode] → [On].

**Безжичен LAN**

Не превземање никаква одговорност за било каква штета направена од страна на неовластен пристап илии неовластено користење, губење или крадење.

## Проблеми и можни решенија

Ако при користење на камерата наидете на било какви проблеми:

- Проверете во Help Guide (стр. 7).
- Откачете го изворот за напојување, по околу 1 минута повторно прикачете го изворот за напојување и вклучете ја камерата.
- Иницијализација на камерата (стр. 26).
  Сите дотерување, вклучувајќи го и дотерувањето за часовникот се ресетираат.
- Контактирајте ја продавницата на Sony или локалниот овластен Sony сервис.

# Спецификации

Систем

Формат на сигналот:
NTSC боја, EIA стандарди (HDR-PJ810/PJ820)
PAL боја, CCIR стандарди (HDR-PJ810E/PJ820E)
HD TV

Формат за снимање филм:
AVCHD (AVCHD формат Ver.2.0 компатибилен):
Видео: MPEG-4 AVC/H.264
Аудио: Dolby Digital 2ch/5.1ch
Dolby Digital 5.1 Creator[*1]
MP4:
Видео: MPEG-4 AVC/H.264
Аудио: MPEG-4 AAC-LC 2ch

[*1] Произведено под лиценца на Dolby Laboratories.

Фајл формат на фотографија:
DCF Ver.2.0 Компатибилен
Exif Ver.2.3 Компатибилен
MPF Baseline Компатибилен

Медиум за снимање (Филм/Фото):
Внатрешна меморија
HDR-PJ810/PJ810E: 32 GB
HDR-PJ820/PJ820E: 64 GB
Memory Stick PRO Duo медиум
SD картичка (Класа 4 или побрз)
Капацитет кој корисникот може да го користи (Приближ.)
HDR-PJ810/PJ810E: 31.1 GB[*2]
HDR-PJ820/PJ820E: 62.4 GB[*2]

[*2] 1 GB еднаков на 1 милијарда бајти, дел кој се користи за системско управување и/или апликации. Само преинсталиран демо филм може да се избрише.

Визир:
Електронски визир (боја)

Уред за слики:
4.6 mm (1/3.95 тип) CMOS Сензор
Снимени пиксели (фото, 16:9):
Макс. 24.5 мега пиксели (6 592 × 3 712)[*3]
Бруто: Приближ. 6 590 000 пиксели
Ефективно (филм, 16:9)[*4]: Приближ. 6 140 000 пиксели
Ефективно (фото, 16:9): Приближ. 6 140 000 пиксели
Ефективно (фото, 4:3): Приближ. 4 600 000 пиксели

Објектив:
G објектив
12× (оптички)[*4], 24× (Clear Image Zoom, при снимање филмови)[*5], 160× (Дигитален)
Дијаметар на филтер:
46 mm (1 13/16 in.)
37 mm (1 1/2 in.) (Кога ќе прикачите Step Down Ring)
F1.8 - F3.4
Фокусна должина:
f= 2.9 mm - 34.8 mm (1/8 in. - 1 3/8 in.)
При конвертирање во 35 mm фотоапарат
За филмови[*4]:
26.8 mm - 321.6 mm (1 1/16 in. - 12 3/4 in.) (16:9)
За фотографии:
26.8 mm - 321.6 mm (1 1/16 in.- 12 3/4 in.) (16:9)

Температура на боја: [Auto], [One Push], [Indoor], [Outdoor]

Минимална илуминација:
6 lx (lux) (во фабричко дотерување, брзина на снимање 1/60 секунда (HDR-PJ810/PJ820) или 1/50 секунда (HDR- PJ810E/PJ820E))
3 lx (lux) ([Low Lux] е дотерано во [On], брзина на снимање 1/30 секунда (HDR-PJ810/PJ820) или

1/25 секунда (HDR-PJ810E/PJ820E))

*3 Уникатен спектар на пиксели на Sony ClearVid и систем за процесирање на слики (BIONZ-X) овозможуваат резолуцијата на сликата да биде еднаква на опишаната големина.

*4 [SteadyShot] е дотерано во [Standard] или [Off].

*5 [SteadyShot] е дотерано во [Active].

---

Влезни/Излезни приклучоци

HDMI OUT приклучок: HDMI микро конектор

PROJECTOR IN приклучок: HDMI микро конектор

MIC влезен приклучок: Стерео мини приклучок (ф3.5 mm)

Приклучок за слушалки: Стерео мини приклучок (ф3.5 mm)

USB приклучок: Тип A (Вграден USB)

Мулти/Микро USB терминал*

* Поддржува Микро USB компатибилни уреди.

USB поврзувањето е само за излез (HDR-PJ810E/PJ820E).

---

LCD монитор

Слика: 7.5 cm (3.0 тип, размер 16:9)

Вкупен број на пиксели: 921 600 (640 × 1 440)

---

Проектор

Тип на проекција: DLP

Извор на светло: LED (R/G/B)

Фокус: Рачен

Домет: 0.5 m (1.6 feet) или повеќе

Резолуција (излез): 854 × 480

Непрекинато време на проекција (кога ја користите испорачаната батерија): Приближ. 2 ч.

---

Безжичен LAN

Поддржан стандард: IEEE 802.11 b/g/n

Фреквенција: 2.4 GHz

Поддржан протокол за безбедност: WEP/WPA-PSK/WPA2-PSK

Метод за конфигурирање: WPS (Wi-Fi Protected Setup)/рачно

Метод за пристап: Режим на инфраструктура

NFC: NFC Forum Type 3 Tag усогласен

---

Општо

Потребна моќ: DC 6.8 V/7.2 V (батерија), DC 5 V 1 500 mA (AC адаптер), DC 8.4 V (DC IN приклучок)

USB полнење: DC 5 V 1 500 mA

Просечна потрошувачка:

Додека снима камерата преку визирот на нормална светлина: 2.9 W

Додека снима камерата преку LCD мониторот на нормална светлина: 3.1 W

Работна температура: 0 °C до 40 °C (32 °F до 104 °F)

Температура при чување: –20 °C до +60 °C (–4 °F до +140 °F)

Димензии (приближ.): 67.5 mm × 72.5 mm × 134 mm (2 3/4 in. × 2 7/8 in. × 5 3/8 in.) (в/ш/д) со испакнати делови 67.5 mm × 72.5 mm × 134 mm (2 3/4 in. × 2 7/8 in. × 5 3/8 in.) (в/ш/д) со испакнати делови

и прикачена
испорачаната батерија
Маса (приближ.)
460 g (1 lb) само главен уред
510 g (1 lb 1 oz) со испорачана
батерија на полнење

## AC адаптер AC-UUD11

Напојување: AC 100 V -
240 V, 50 Hz/60 Hz
Потрошувачка: 200 mA
Потрошувачка на енергија: 11 W
Излезен напон: DC 5.0 V,
1 500 mA
Работна температура: 0 °C до
50 °C (32 °F до 122 °F)
Температура при чување: –20 °C
до +60 °C (–4 °F до +140 °F)

## Батерија на полнење NP-FV50

Максимален излезен напон: DC 8.4 V
Излезен напон: DC 6.8 V
Максимален напон на полнење: DC 8.4 V
Максимална потрошувачка: 2.1 A
Капацитет
Типичен: 7.0 Wh (1 030 mAh)
Минимум: 6.6 Wh (980 mAh)
Тип: Li-ion

Дизајнот и спецификациите на камерата и додатоците се предмет на измена без претходна најава.

## Преостанато време на полнење, снимање и репродукција со испорачаната батерија

| | | |
|---|---|---|
| Време на полнење (минути) | | |
| | AC адаптер (испорачан) | 165 |
| | Компјутер | 305 |
| Време на снимање (минути) | | |
| | Непрекинато | 120<br>130 |
| | Типично | 60<br>65 |
| Време на репродукција (минути) | | 200 |

- Времето на полнење е мерено при полнење на камерата на собна температура од 25 °C (77 °F) без користење на USB кабел за поврзување.
- Времето за снимање и репродукција е мерено кога камерата ја користите на 25 °C (77 °F).
- Времето на снимање е мерено кога снимате филмови со фабричко дотерување ([ REC Mode]: [Standard HQ ], [Dual Video REC]: [On]).
- Типичното време на снимање го покажува времето кога повторно почнувате/стопирате со снимање, префрлате во [Shooting Mode] и кога зумирате.
- Горната фигура на секо време за снимање го покажува времето кога снимате со отворен LCD монитор и помалите фигури го покажуваат времето кога снимате со визир

без отворен LCD монитор.

## Заштитни знаци

- AVCHD, AVCHD Progressive, AVCHD логот и AVCHD Progressive логото се заштитен знак на Panasonic Corporation и Sony Corporation.
- Memory Stick и  се заштитен знак или регистрирана трговска марка на Sony Corporation.
- Blu-ray Disc™ и Blu-ray™ се заштитни знаци на Blu-ray Disc Association.
- Dolby и дупло-D симболот се заштитен знак на Dolby Laboratories.
- Терминте HDMI и HDMI High-Definition Multimedia Interface и HDMI логото се заштитен знак или регистрирана трговска марка на HDMI Licensing LLC во САД и други земји.
- Microsoft, Windows и Windows Vista се или регистрирана трговска марка или заштитен знак на Microsoft Corporation во САД и/или други земји.
- Mac и Mac OS се регистрирани трговски марки на Apple Inc. во САД и други земји.
- Intel, Intel Core и Pentium се заштитни знаци на Intel Corporation во САД и/или други земји.
- SDXC логото е заштитен знак на SD-3C, LLC.
- Android, Google Play се заштитни знаци на Google Inc.
- iOS е регистрирана трговска марка или заштитен знак на Cisco Systems, Inc.
- Wi-Fi, Wi-Fi логото, Wi-Fi PROTECTED SET-UP се регистрирани трговски марки на Wi- Fi Alliance.
- N ознаката е заштитен знак или регистрирана трговска марка на NFC Forum, Inc. во САД и други земји.
- Facebook и “f” логото се заштитни знаци или регистрирана трговска марка на Facebook, Inc.
- YouTube и YouTube логото се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на Google Inc.
- iPhone и iPad се заштитни знаци на Apple Inc., регистрирани во САД и други земји.

Сите други имиња на производи кои споменати тука или се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на нивните компании. Понатаму, ™ и ® во ова упатство во ниеден случај не се напомената.

# Делови и контроли

Фигурите во ( ) се референтните страни.




1 Вграден микрофон
2 Мулти приклучок

Multi Interface Shoe

За детали за компатибилни додатоци на Мулти приклучокот, посетете ја веб страната на Sony во вашето подрачје или консултирајте се со продавницата на Sony или локален овластен Sony сервис.

Не се гарантира работа со додатоци од други производители. Ако користите адаптер за приклучокот (одделно се продава), исто така можете да користите додатоци компатибилни со Active Interface Shoe.

3 Видео светло
4 N ознака (21)

NFC: Near Field Communication

5 Објектив (G објектив)
6 Сензор за далечинско
7 Индикатор за снимање
8 MANUAL копче
9 MANUAL бирач

Рачни функции може да се доделат на копчето и бирачот.




1 PROJECTOR FOCUS lever (17)
2 LCD monitor/Touch panel
3 Speaker
4 Projector lens




1 PROJECTOR IN приклучок (17)
2 Индикатор за пристап на мемориска картичка(12)
3 Слот за мемориска картичка (12)
4 HDMI OUT приклучок
5 🎞/📷 (Режим за снимање) копче (14)
6 (откажување My Voice) копче

Го потиснува гласот на лицето што го снима филмот.

7 PROJECTOR копче (17)
8 ▶ (Преглед на слики) копче (15)
9 LIGHT (Видео светло) копче
10 POWER копче




1 Рачка за зумирање (13, 14)
2 PHOTO копче (14)
3 Рачка за прилагодување на објективот на визирот
4 Гума за око
5 Визир
6 POWER/CHG (полнење) индикатор (9)
7 START/STOP копче (13)
8 Батерија (9)
9 DC IN приклучок
10 (микрофон) приклучок (PLUG IN POWER)
11 (слушалки) приклучок
12 Ремен за рака
13 Отвор за ремен за рака
14 Вграден USB кабел (9)
15 Мулти/Микро USB терминал
Поддржува Микро USB компатибилни уреди. Ако користите кабел за адаптер (одделно се продава), исто така може да користите и додатоци преку A/V далечинскиот конектор.
16 Приклучок за статив
17 BATT (батерија) рачка за ослободување

## Прицврстување ремен за рака




## Безжичен далечински управувач




1 DATA CODE копче
2 PHOTO копче
3 SCAN/SLOW копчиња
4 I◄◄/►►I (Претходно/Следно) копчиња
5 PLAY копче
6 STOP копче
7 DISPLAY копче
8 Предавател
9 START/STOP копче
10 Копчиња за зумирање
11 PAUSE копче
12 VISUAL INDEX копче
13 ◄/►/▲/▼/ENTER копчиња

• Отстранете ја заштитата пред да го користите безжичниот далечински управувач.



MK

Дополнителни информации за овој производ и одговори на најчесто поставувани прашања може да најдете на нашата веб страна за поддршка на потрошувачите.

**http://www.sony.net/**

© 2014 Sony Corporation

4489506110